

# Baumit StarColor

## Премиум фасадна боја




- **брзо сушечка површина**
- **отпорна на алги и мувла**
- **самочистечки ефект**

**Производ** Фасадна премиум боја, со смалена впивливост на вода и функционално полнило, кој придонесува за брзо сушење на фасадните површини после дожд, магла и кондензација, на база на силиконска смола.

**Состав** Силиконска смола со високи перформанси, органски врзива, специјални минерални полнила, адитиви и вода.

**Својства** Брзото сушење обезбедува голем степен на заштита од развивање на алги и мувла поради способноста на брзо сушење на фасадната површина кое го овозможуваат специјалните полнила. Отпорна на сите временски услови, отпорна на влага, силно паропропустна и со исклучителна бела боја. Поради својствата и комбинацијата на хидрофобната и хидрофилна површина, има ефект на брзо сушење и истовремено обезбедува брзо лизгање на дождовните капки од површината што доведува до ефектот на самочистење. Универзална примена, подобрена апликација (рачно и машински).

**Аплицирање** Фасадна боја за Баумит фасадните термоизолациони системи (КСиНТИ), како и за стари и нови минерални малтери и бетон. Се препорачува и за реновирање , за заштита на споменица на културата, како и за обнова и реставрација на стари објекти.

**Технички податоци**

| | |
|---|---|
| боја: | Life 9-2 |
| μ-вредност: | ca. 80 - 120 |
| содржина на цврста материја: | 65 % |
| густина: | ca. 1.6 kg/dm³ |
| pH-вредност: | ca. 8 |
| бои: | Life - Acryl (2-9) |

| | StarColor 5l | StarColor 14l |
|---|---|---|
| потрошувачка | ca. 0.3 - 0.35 l/m² во зависност од впивливоста и рамноста на подлогата | ca. 0.3 - 0.35 l/m² во зависност од впивливоста и рамноста на подлогата |

Life COLORED BY BAUMIT

**Облик на испорака** Канта 5 l, 1 Палета = 48 канти = 240 l
Канта 14 l, 1 палета = 32 канти = 448 l

**Складирање** 12 месеци на суво место на дрвени палети во фолија, заштитено од сончевите зраци и мрзнење.

**Гаранција за квалитет** Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции** Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.


Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Подлога**

Испитувањето на подлогата се прави според важечките норми. Подлогата мора да биде сува (најмалку 4 недели), без прашина, рамна и со рамномерна впивливост.
Производот е прикладен за следните подлоги:
- минерални малтери (пр. Баумит цементни и варово-цементни малтери);
- бетон ;
- Баумит фасадни системи(КСинНТИ);
- минерални и органски бои со добра атхезија;

Производот условно е погоден за следните подлоги (Нанесете тест површина!):
- материјали од гипс и вар (обратете внимание на карбонизацијата).

Прозиводот не е прикладен за следните подлоги:
- пластични и синтетички материјали ;
- лакови, односно мрсни бои;
- дрво;
- метал;
- органски бои со висока еластичност

**Подготовка на подлогата**

- Слабите површини да се зајакнат со Баумит MultiPrimer темелен прајмер (време на сушење пред нанесување на завршниот слој е најмалце 12 часа );
- Нечистите површини да се очистат, механички или со миење, со почитување на времето на сушење од мин. 2-3 дена;
- Подлоги заразени со алги и габи треба да се третираат со специјални производи, на пример, Баумит раствор против габи ReClean (видете го техничкиот лист за производот)
- Да се одстранат сите слбо лепливи бои;
- Оштетени или напукнати минерални површини да се санираат со нанесување на Баумитови смеси (прим. MultiWhite, DuoContact, ProContact, StarContact White, openContact) и по потреба армирајте со мрежичка Баумит StarTex.

**Обработка**

Пред употреба промешајте ја бојата во кантата со миксер со мала брзина. Други материјали не се додаваат.
Во првиот слој Baumit SilikonColor разблажете со макс. 10 - 15% вода и нанесете како темелен прајемр (време на сушење најмалку 12 часа). За силно впивливи подлоги во првиот слој се нанесува Baumit MultiPrimer прајмерот (разреден до 50%) најмалку 12 часа после тоа се нанесува Baumit StarColor .
Вториот слој боја Baumit StarColor нанесете го без разредување или со макс.. 5% разредување. Конзистенцијата на другата рака подесете ја по потреба со малку додавање вода . Кога се нанесува бојата во два слоја, времето на чекање помеѓу двата слоја е најмалку 4 часа. Работите рамномерно, без прекини. Не мешајте со други материјали.
Машиснко нанесување:
Пумпа Graco UM II 795 PC ; Дизна: LL315; Пририсок: 100 бари; Филтер60; Разредување 0%
Структура на слоевите:
Подлога со ниска впивливост
- 1 слој Baumit StarColor боја разредена 10-15%
- 1 слој Baumit StarColor боја (неразредена или со макс. 5% разредување)

Подлога со висока впивливост, , стари подлоги или фасадни термоизолациони системи
- 1 слој Baumit MultiPrimer - прајмер за импрегнација (разреден 50%)
- 1-2 слоја Baumit StarColor боја (без разредување или со макс. 5% разредување)

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата за време на аплицирањето и врзувањето мора да биде најмалку 5 °С и максимално 30 °С. Фасадата би требало да биде заштитена од директно дејство на сончевата светлина, дожд и силен ветар (заштитна мрежа за скеле). Високата влажност и ниските температури можат да доведат до подолго време на сушење и промена на бојата на фасадниот малтер . Промената на условите во процесот на врзување или обработка на фасадната боја може да предизвика неизедначеност во нијансата . Разликата во бојата (дамките) воглавно настануваат како резултат на нерамномерната впивливост на подлогата или нерамномерност изложување на фасадата на сончевата светлина (сенки од скеле), што предизвикува нерманомерност на подлогата во смисол на степен на впивливост и различна брзина на врзување. Прекин во работата на една површина не е дозволено. На нијансата и вкупниот изглед на површината влијае подлогата, големината на површината, структурата и гранулацијата, како и аголот на осветлување . Потполно иста боја може да се гарантира само во рамките на иста производна шаржа и испорака . Ако користите производ од различни шаржи, задолжително е замешување на кантите од различни шаржи една со друга пред нанесување . Потполно иста боја, во иста шифра изработени во фасаден малтер и фасадна боја, не може да се гарантира . Механичките влијанија на површината на фасадната боја можат на овие места до доведат до промена на бојата (поради соголување на пигментот). Оваа промена на бојата не влијае на функционалноста или квалитетот на производот.
Ве молиме да ги земете во обзир стандардите на квалитетот на изведбата, во кој е детално објаснето правилната изведба, кои се наведени во ,,Баумит фасадни системи- Насоки за изведба,, кои се актуелни во врска со ваков тип на изведувачки работи.
Како општо правило во случај на употреба на фасаден декоративен малтер на фасадни термоилзолациони системи (КСИНТИ), вредноста на коефициентот на рефлексија на сончевата светлина не семее да биде помала од 25. Благодарејќи на иновативниот Баумит ,,Cool,, пигмент оваа вредност на факторот на рефлексија може да се надмине, бидејќи моменталните КСИНТИ правила го имаат ова ограничување . Со примената на вредноста TSR (вкупен сончев одсјај), во комбинација со посебниот Баумит ,,Cool,, пигмент, кој подобро ја рефлектира сончевата светлина и така го намалува сончевото загревање на фасадата, можно е да се нанесе фасаден малтер со темна нијанса и на големи површини кај Баумит термоизолационите системи
Заштита на соседни површини:
Површините до завршната површина, особено стакло, керамика, шпер плоча, клинкер, природен камен, лак и метал мораат да бидат заштитени . Испрсканите површини мораат одма да се измијат со вода. После употреба алатот и опремата треба одма да се измијат со вода.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk